До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Барање на мислење, со кое се бара информација во врска со тоа дали постои судир на интереси или ограничување согласно закон во случај кога носител на јавна функција – директор на Јавна здравствена установа планира основање на трговско друштво со дејност: трговија со мил, песок, тампон и готов бетон и сл. каде што како сопственик и управител на трговското друштво би била неговата сопруга. Лицето нема да има сопственички, управувачки ниту застапувачки овластувања. Трговското друштво нема и нема да има деловна соработка со Јавната здравствена установа или други здравствени установи.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „Под поимот „службено лице" се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.

Согласно предвидените забрани за вршење на други дејности, како и предвидените ограничувања за вршење на дејност за време на вршење на функцијата во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, како и одредбите кои го регулираат постапувањето во случај на постоење судир на интереси од истиот закон, не постои законска пречка лицето додека ја врши функцијата директор, неговата сопруга да основа Трговско друштво каде што таа би била и сопственик и управител.

Од друга страна, Државната комисија укажува на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси кои треба да се имаат во предвид и да се почитуваат додека лицето има статус на службено лице, односно

именувано лице за вршење на функцијата директор на Јавна здравстена установа и тоа:

Ограничувања во соработката со правни лица е предвидено со член 51 од истиот закон:
„(1) Службено лице во вршењето на својата функција, јавни овластувања или должности не може да воспостави деловни односи со правно лице кое е во негова сопственост или во сопственост на член на неговото семејство или во кое тој или член на неговото семејство поседува акции или удели или кое го основал тој или член на неговото семејство или во кое одговорното лице е член на неговото семејство.
(2) Ако службеното лице постапи спротивно на ставот (1) на овој член, на склучениот договор се применуваат одредбите за ништовност на договорот од Законот за облигационите односи.“

Член 52 ја предвидува забраната за користење на заеми и други видови поддршка од државата:

„Правно лице чиј основач или сопственик било или е избрано или именувано лице или чиј основач или сопственик е или било член на неговото семејство или во кое член на неговото семејство е одговорно лице или во кое избрано или именувано лице односно член на неговото семејство, поседува удели или акции не може да биде корисник на грант, заем односно финансиска поддршка од државата или од единица на локалната самоуправа.“

Исто така, при вршењето на функцијата директор на Јавна здравстена установа потребно е да се има во предвид член 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси каде е утврдено Начелото на интегритет и тоа:
„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице.“

Државната комисија  укажува на член 85 став (1) од истиот закон согласно кој треба да пријави промена на интересите до Државната комисија преку Електронскиот систем за поднесување на изјава за имотна состојба и интереси, односно да го пријавите трговското друштво во сопственост на блиско лице.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**